33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03, Советот на Оштината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

Буџетот на Општината Штип за 2008 година (во понатамошниот текст: буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средстата на буџетот се должни утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

- пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот буџет;
- повисоко ниво од одобрениот палн, но не повеќе од 5%, градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати;
- односно отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на Општината до Советот на Општината.

Член 6

Во рамките на расходите утврдени во буџетот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот може да се врши прераспределба меѓу расходните потставки во иста ставка во една програма или подпрограма по претходно одобрение на градоначалникот.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

- градоначалникот нето појдовната основа за коефициентот изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, утврдена со Закон во периодот од 2007 до 2009 година се зголемува за по 10% годишно започнувајќи со исплатата за месец септември 2007 година;
- за вработените во општинската администрација вредноста на бодот се утврдува и изнесува 44,11. Исплатата според оваа вредност на бодот ќе се врши почнувајќи од 1 септември 2007 година.

Член 10

На вработените им следува и надоместоци на плата согласно со прописите за работни односи.

Член 11

Надоместокот за превоз до и од работно место, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

Член 12

Надоместокот за исхрана во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 20% од просечната нето плата по вработен во РМ во последните три месеци и изнесува 2.900 денари месечно.

Член 13

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

Член 14

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Трошоците за ноќевање се признаваат во целост освен за хотел "Де лукс" категорија.

Член 15

На вработените им следува надоместок за регрес за годишен одмор кој изнесува 60% од просечната исплатена нето плата по вработен согласно Законот за исплата на плати на РМ и парична награда за посебно ангажирање и квалитет во извршувањето на работата согласно со законските прописи.

Член 16

На работниците согласно законските прописи им следува:

- отпремнина за одење во пензија кој изнесува двократен износ од просечната исплатена нето плата во Република Македонија
- трошоци за погреб во случај на смрт на работникот или член на потесното семејство двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Македонија.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

На членовите на Советот им припаѓа надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Надоместокот за присуство на седници на членовите на Советот им се исплатува месечно во процентуален износ од висината на просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но неповеќе од 70%.

На претседателот на Советот месечниот надоместок од претходниот став се зголемува за 30%.

На членовите на Советот им се исплатува надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 19

Со блок дотациите исплатата на платите и надоместоците на буџетските корисници ќе се исплатува со барање за исплата на плати до Општина и тоа два дена пред исплатата на платите кон кое ќе приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копија од Рекапитулација за пресметка на нето и бруто плати, образец Ф-1 образец прилог број 6 и тоа во пишана и електронска верзија.

Во случај на нови вработување се должни да достават известување за обезбедени средства и образец М-1.

По извршената контрола одделните пресметки се доставуваат до ресорните министерства, а тие до Министерството за финансии кое ја одобрува исплатата на плати.

Надоместоците за буџетските корисници финансирани со блок дотации ќе се исплатуваат согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

Член 20

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 евра каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

За средствата утврдени во буџетот на Општината во рамките на постојаната резерва одлучува Советот на Општината, а ги извршува градоначалникот.

За користењето на средствата од тековната буџетска резерва одлучува градоначалникот на Општината до висина до 50.000,00 денари и поднесува до Советот на Општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 22

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на Општината.

Член 23

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Буџетот на Општина Штип се извршува од 1 јануари 2008 до 31 декември 2008 година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

Број 0701-3874/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

358.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА
## БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Буџетскиот календар на Општината Штип за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3875/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

359.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 61/04) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

Анализа и проценка на приходите и расходите на буџетот преку целата година.

Добивање на буџетскиот циркулар од министерот за финансии.
- рок до 30 септември

Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.
- рок до 15 октомври

Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот.
- рок до 25 октомври

Општинската администрација го изготвува Предлог-Буџетот на Општината за наредната година.
- рок 15 декември

Градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот на Општината до Советот на Општината Штип.
- рок до 15 декември

Член 2

Буџетскиот календар ќе се применува од 1 јануари 2008 година и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3875/1
26 декември 2007 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

360.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3876/2
28 декември 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

361.

Врз основа на членовите 29А, 29Б, 29В, 29Г и 29Д од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на РМ" број 38/91, 23/97, 37/05 и 84/05 и 121/07) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

На членовите на Советот на Општината Штип им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година во износ од 70%.

На претседателот на Советот на Општината Штип за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 30%.

Член 3

Надоместокот за патни и дневни трошоци за присуство на седниците на Советот и седниците на помошните тела на Советот изнесува 8% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Член 4

Месечниот надоместок од член 2 се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок од став 1 се намалува за 30% за секое неоправдано отсуство од седниците на Советот и седниците на помошните тела во текот на месецот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал неоправдано на ниту една седница на Советот и помошните тела во тековниот месец.

Месечен надоместок за присуство на седници на Советот не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал ниту една седница.

Член 5

На членовите на Советот на Општината им се исплатуваат и надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 6

Надоместоците од член 1, 2, 3, 4 и 5 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општината Штип.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи и да се применува Одлуката за надоместоците на членовите на Советот и надоместоците на членовите на работните тела на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип" број 5/05 и 2/06).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3876/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

362.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## НА ДОМ НА МЛАДИ И ОУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Дом на млади и ОУ "Гоце Делчев"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3877/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

363.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДОМ НА МЛАДИ И ОУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП

### Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Дом на млади за набавка на разгласен уред (озвучување)-300.000,00 денари.
2. ОУ "Гоце Делчев" за учество во оградувањето на училишниот двор на ПУ во населба "Три Чешми" - 50.000,00 денари.

### Член 2

Разгласниот уред-озвучување од член 1 точка 1 ќе го користи и локалната самоуправа за свои потреби што ќе се регулира со посебен договор.

### Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3877/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

364.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3878/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

365.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. ВИС "Штипјани" за афирмација и популаризација на народната музика - 10.000,00 денари.
2. Младински клуб-Штип - 10.000,00 денари за активностите по Барањето и 5.000,00 денари за печатење на Алманах со творби од литературниот конкурс "Кажи НЕ на зависностите".
3. ХКУЗЖ "Романа Асвин" - 10.000,00 денари.
4. Сојуз на спортови-Штип за административно тековно работење - 10.000,00 денари.
5. ТВ "Ирис" за покривање на дел од трошоците за изработка на документарен филм посветен на Благој Самоников - 10.000,00 денари.

Член 2

За доделените средства од член 1 точка 2 ќе се достави Извештај за извршените активности поткрепен со финансиска документација.

Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3878/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

366.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА
## ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3879/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

367.

Врз основа на член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" број 68/04 и 127/06), член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) и член 3 од Правилникот за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата за вршење на одделните видови на превоз во патниот сообраќај и за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови ("Службен весник на РМ" број 87/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

## Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 06/07), во член 9 ставот 4 се менува и гласи:

"Светлосната ознака "TAXI" која се истакнува на кровот на возилото мора да биде осветлена кога е возилото слободно за возење".

Во истиот член 9 ставот 5 се брише.

## Член 2

Во член 10 ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

"Тарифата по која се наплатува авто-такси превозот изнесува:

1. Старт (почеток) на превозот и превоз до 1,5 км --------- 40 денари
2. Изминат километар------------------------------------------------ 20 денари
3. Еден (1) час чекање--------------------------------------------- 150 денари

Превозникот е должен во возилото да има оверен ценовник за авто-такси услугите и истакнат натпис со назив и седиште на превозникот, име, презиме и слика на такси возачот како и посебен натпис за забрането пушење поставен на видно место во возилото за корисникот на услугата."

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3879/1 Претседател
26 декември 2007 година на Советот на Општината Штип
Штип Драги Илиев, с. р.

368.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележување, опремување и користење на такси-станиците во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3880/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

369.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), член 8 од Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 6/07) и член 24 став 1 точка 39 од Правилникот за сообраќајните знаци ("Службен весник на РМ" број 35/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во Правилникот за начинот на обележување, опремување и користење на такси станиците во Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 6/07), членот 4 се менува и гласи:

"Таблата за известување содржи знак за забрането запирање и паркирање, а под него натпис "TAXI" и број на паркинг местата на авто-такси стојалиштето.

Таблата од став 1 на овој член има форма на правоаголник со димензии 60х90 см, со основна сина боја, натписот "TAXI" и бројот на паркинг местата на авто-такси стојалиштето се со бела боја, а додека пречникот на кругот и двете напречни линии во внатрешноста на кругот на знакот за забрането запирање и паркирање се со црвена боја".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3880/1
26 декември 2007 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип
Драги Илиев, с. р.

370.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИДЕЈНИОТ ПРОЕКТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛБА "БАЛКАНСКА", НАСЕЛБА "МАКЕДОНКА" И С. ЧАРДАКЛИЈА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Идејниот проект за водоснабдување на населба "Балканска", населба "Македонка" и с. Чардаклија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3881/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

371.

Врз основа на член 21 точка 14 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИДЕЈНИОТ ПРОЕКТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛБА "БАЛКАНСКА", НАСЕЛБА "МАКЕДОНКА" И С. ЧАРДАКЛИЈА

I

Се прифаќа Идејниот проект за водоснабдување на населба "Балканска", населба "Македонка" и с. Чардаклија.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3881/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

372.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЖИРИ КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ ЗА ИДЕЈНО-АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ НА ПЛОШТАДОТ "СЛОБОДА"-ШТИП

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на жири комисијата за оценување на трудовите за идејно-архитектонско решение на плоштадот "Слобода"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3882/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

373.

Врз основа на член 6 од Одлуката за утврдување на условите за распишување Конкурс за изработка на проект за идејно-архитектонско решение на плоштадот "Слобода" ("Службен гласник на Општината Штип" број 19/07) и член 21 точка 31 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЖИРИ КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ ЗА ИДЕЈНО-АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ НА ПЛОШТАДОТ "СЛОБОДА"-ШТИП

1. За претседател и членови на Комисијата за оценување на трудовите за идејно-архитектонско решение на плоштадот "Слобода"-Штип **се именуваат** и тоа:

   За претседател:
- **Петре Михов**, дипломиран инженер архитект

   За членови:
- **Борче Коцев**, член на Советот на Општината Штип
- **Билјана Финдаковска**, дипломиран инженер архитект
- **Љубинка Маролова**, дипломиран инженер архитект
- **Тони Шопов**, дипломиран градежен инженер
- **Верица Наумова**, дипломиран академски сликар
- **Влатко Здравев**, дипломиран историчар на уметноста

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3882/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

374.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ОД КАРИМАНОВ НЕЖДЕТ УЛ. "СТРАШО ПИНЏУР" БРОЈ 30-ШТИП ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата од Кариманов Неждет ул. "Страшо Пинџур" број 30-Штип за промена на ДУП.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3883/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

375.

Врз основа на член 21 точка 14 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ОД КАРИМАНОВ НЕЖДЕТ УЛ. "СТРАШО ПИНЏУР" БРОЈ 30-ШТИП ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се прифаќа Иницијативата од Кариманов Неждет ул. "Страшо Пинџур" број 30-Штип за промена на ДУП со следниот **заклучок**:

- Во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2008 година да се стави точка - Ревизија на ДУП на ул. "Страшо Пинџур" број 30.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3883/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

376.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ ОД СЛАВКО ДЕНКОВ
УЛ. "ТОДОР КОЛАРОВ" БРОЈ 18-ШТИП
ЗА ПРОМЕНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА БРОЈ 875

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барање од Славко Денков ул. "Тодор Коларов" број 18-Штип за промена на урбанистичка парцела број 875.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3884/2
28 декември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

377.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 декември 2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ ОД СЛАВКО ДЕНКОВ
УЛ. "ТОДОР КОЛАРОВ" БРОЈ 18-ШТИП
ЗА ПРОМЕНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА БРОЈ 875

I

Се прифаќа Барање од Славко Денков ул. "Тодор Коларов" број 18-Штип за промена на урбанистичка парцела број 875 со следниот **заклучок**:

- Во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2008 година да се стави точка - Ревизија на ДУП на ул. "Страшо Пинџур" и опфат на улица "Тодор Коларов" само за легално изградените објекти.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3884/1
26 декември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 350. | Решение за објавување на Програмата за работа на Советот на Општината Штип за 2008 година | 397/20 |
| 351. | Програма за работа на Советот на Општината Штип за 2008 година | 397/20 |
| 352. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општината Штип за 2007 година | 407/20 |
| 353. | Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општината Штип за 2007 година | 407/20 |
| 354. | Решение за објавување на Буџетот на Општината Штип за 2007 година | 408/20 |
| 355. | Буџет на Општината Штип за 2007 година | 409/20 |
| 356. | Решение за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2008 година | 434/20 |
| 357. | Одлука за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2008 година | 434/20 |
| 358. | Решение за објавување на Буџетскиот календар на Општината Штип за 2008 година | 439/20 |
| 359. | Буџетски календар на Општината Штип за 2008 година | 439/20 |
| 360. | Решение за објавување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 440/20 |
| 361. | Одлука за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 441/20 |
| 362. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на Дом на млади и ОУ "Гоце Делчев"-Штип | 442/20 |
| 363. | Одлука за доделување на финансиски средства на Дом на млади и ОУ "Гоце Делчев"-Штип | 443/20 |
| 364. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 443/20 |
| 365. | Одлука за доделување на финансиски средства | 444/20 |
| 366. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип | 445/20 |
| 367. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип | 445/20 |
| 368. | Решение за објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележување, опремување и користење на такси-станиците во Општината Штип | 446/20 |
| 369. | Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележување, опремување и користење на такси-станиците во Општината Штип | 447/20 |

| | | |
|---|---|---|
| 370. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Идејниот проект за водоснабду-вање на населба "Балканска", населба "Македонка" и с. Чардаклија | 448/20 |
| 371. | Заклучок за прифаќање на Идејниот проект за водоснабду-вање на населба "Балканска", населба "Македонка" и с. Чардаклија | 448/20 |
| 372. | Решение за објавување на Решението за именување претседател и членови на жири комисијата за оценување на трудовите за идејно-архитектонско решение на плоштадот "Слобода"-Штип | 449/20 |
| 373. | Решението за именување претседател и членови на жири комисијата за оценување на трудовите за идејно-архитектонско решение на плоштадот "Слобода"-Штип | 449/20 |
| 374. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата од Кариманов Неждет ул. "Страшо Пинџур" број 30-Штип за промена на ДУП | 450/20 |
| 375. | Заклучок за прифаќање на Иницијативата од Кариманов Неждет ул. "Страшо Пинџур" број 30-Штип за промена на ДУП | 451/20 |
| 376. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барање од Славко Денков ул. "Тодор Коларов" број 18-Штип за промена на урбанистичка парцела број 875 | 451/20 |
| 377. | Заклучок за прифаќање на Барање од Славко Денков ул. "Тодор Коларов" број 18-Штип за промена на урбанистичка парцела број 875 | 452/20 |